## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува


аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

Примено: 22-05-2018

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 03 | 2550 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПЕЛА ДООЕЛ Кривогаштани

3. **Датум на извршување на надзорот:** 21 мај 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на локално ниво, во подрачје со помалку од 10.000 жители, треба да биде 2 (две), од кои 1 (едно) вработено како новинар“.*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД РАДИО ПЕЛА ДООЕЛ Кривогаштани ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД РАДИО ПЕЛА ДООЕЛ Кривогаштани во 2017 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2017 година во радиостаницата било вработено само едно лице, и тоа како управител, односно директор на радиодифузерот. Поради тоа, на 08.05.2018 година Агенцијата со писмен допис (наш бр.03-2334/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   На 21.05.2018 година, ТРД РАДИО ПЕЛА ДООЕЛ Кривогаштани достави до Агенцијата Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 за едно лице и еден договор за дело склучен помеѓу радиодифузерот и едно физичко лице. Од доставената документација е видно дека во радиостаницата се вработени две лица, од кои едно како новинар.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***